**20181392714**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.196/17), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.7.2018 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2018 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/18, 62/18, 100/18 и 127/18), во делот I во табелата во мерката 1 износот „1.704.000.000“ се заменува со износот „1.705.000.000“.

Во мерката 11 износот „4.363.492.000“ се заменува со износот „4.362.492.000“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „1.704.000.000“ се заменува со износот „1.705.000.000“.

Во табелата по подмерката 1.19. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

| | |
|---|---|
| 1.20. | Директни плаќања за откупена пченица од род 2018 година од домашно производство |

“

III

Во делот XII износот „4.363.492.000“ се заменува со износот „4.362.492.000“.

IV

Во делот XV во табелата по подмерката 1.14. се додава нова подмерка 1.20. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| | 1.20. | февруари 2019 |

“

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ .

Бр. 44-6999/1
24 јули 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.